**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО И НАСЛЕДНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на 147. Седница, одржана на 3.4.2017 година, донесе Одлука бр. 1102-97/5 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област *граѓанско право и наследно право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- проф. д-р Игор Камбовски, претседател;
- проф. д-р Војо Беловски, член;
- доц. д-р Марија Амповска, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во **„Утрински весник“** на 21.3.2017 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката: Милица Шутова.

Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека приложената документација од кандидатката навремено е доставена со сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

**Д-р Милица Шутова** е родена на 29.1.1986 година во Скопје. Основното образование го завршува во ОУ „Петар Мусев“- Богданци со просек 5,00 во периодот од 1993/1994 до 1999/2000 г. Средното образование го завршува во УЦ Гимназија „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, во учебната 2000/2004 година, со просек 5,00. На Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се запишува во учебната 2004/2005 г., а дипломира на 4.7.2008 година по три и полгодишно студирање со просечен успех 9.5 по стара програма. Во учебната 2008/2009 година се запишува на студии од втор циклус - постдипломски студии, на Правосудна насока (модул А-граѓанско право), кои ги завршува со просечен успех 10. Со завршување на вториот циклус (магистерски) студии се стекнува со научен степен магистер по правни науки. Во 2012 година се запишува на докторски студии – Катедра по граѓанско право на Правен факултет на Универзитетот во Ниш, а во 2015 година се префрлува на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Во 2016 година докторира на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј” на тема „Правна заштита на добро познати трговски марки во компаративното право”. Во 2011 година положува правосуден испит, а во 2014 година нотарски испит. Од 2008/2009 па сè до 2012 г. кандидатката е избрана за демонстратор по Граѓанско и Стварно право на Правен факултет “„Јустинијан Први“ во Скопје. Кандидатката од 2005 до 2012 г. е управител на фирмата „Хрома-инженеринг“ ДООЕЛ-Скопје, а од 15.2.2012 г. до 17.8.2012 г. е вработена како стручен соработник во Адвокатско друштво „ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ“ - Скопје. На 10.7.2014 година е избрана за асистент на Факултетот за правни науки во состав на Првиот приватен универзитет - ФОН како соработник од областа на граѓанското право, за временски период од три години. Во периодот од 2016 г. па сè до денес вработена како раководител на Одделение за инспекциски надзор од областа на трудот, социјалната политика, образование и културата, Сектор за инспекциски надзор во Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

- Доктор на науки од соодветната научна област;
- Просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно;
- Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или меѓународни научни публикации или два научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години;
- Постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност;
- Позитивна оценка од самоевалуацијата.

***Трудови објавени во меѓународни научни списанија согласно со законските услови за избор во доцент***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Игњатовиќ М., Шутова, М., | ***Видови елементи на правните дела*** | Vizione, International magazine for social science, 21 | 2014 |
| 2. | Шутова, М | ***The concept of previous questions in accordance with the Macedonian law and practice*** | Vizione, International magazine for social science,Skopje бр.23 | 2015 |
| 3. | Шутова, М | ***Правна заштита на правата од трговска марка,*** | Vizione, International magazine for social science, Skopje бр.26 | 2016 |

**Трудови кои претставуваат меѓународни научни публикации согласно со законските услови за избор во доцент**

| | Автор | Наслов на трудот | Конференција и организатор | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Игњатовиќ, М., Шутова, М | ***Класификација правних послова у римском и савременом права*** | Зборник Правног Факултету у Нишу UDK 34(058) YU ISSN 0350-8501 | 2013 |
| 2. | Шутова, М | ***Начини на решавање на претходното прашање во парничната постапка*** | Влијанието на научно технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија, Универзитет Евро Балкан, | 2014 |
| 3. | Шутова, М | ***Влијание на нелојалната конкуренција врз повреда на правата од индустриската сопственот*** | Зборник на Правниот факултет „Гоце Делчев" во Штип | 2016 |

***Останати трудови:***

Шутова, М ***Апсолутни и релативни причини за одбивање на пријавата на трговската марка*** Knowledge-Iternational Journal Scientific and Aplicative papers V10/12015

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во делот на наставно-образовната и научноистражувачката дејност може да се констатира дека кандидатката бележи континуитет во својот академски развој, бидејќи била избрана и предавала група предмети кои припаѓаат на научната област за која се врши изборот. Има искуство како демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во областа на граѓанското право во Скопје и како асистент на Првиот приватен универзитет - ФОН во областа на граѓанското право. Во своето досегашно научноистражувачко творештво кандидатката има објавено околу 10 трудови. Исто така, има активности во научни списанија и учествувала во научноистражувачки проекти. ***Учество во научноистражувачки проекти***

2014/2015 Учество во проектот Фабрика на знаење на Првиот приватен Универзитет „ФОН" во Скопје.

Од приложената документација се констатира дека има позитивна евалуација од студентите за нејзината работа како асистент.

***Кратка евалуација на секој од доставените трудови поединечно трудовите***

Игњатович Марија и **Шутова Милица**, Класификација правних послова у римском и савременом права, *Зборник Правног факултету у Нишу, 2013, UDK 34(058), YU ISSN 0350-8501.*

Во трудот авторката ја објаснува класификацијата на правните дела во римското и современото право. Ова од причина што во правната литература, почнувајќи од римската, до современата, егзистираат различни класификации на видовите на правните дела. Во тој контекст тргувајќи од бројните класификации на правните дела, кандидатката во трудот детално ги објаснува како најзастапени следниве: а) еднострани, двострани и повеќестрани правни дела; б) каузални и апстрактни правни дела; в) формални и невормални правни дела; г) товарни и даровни правни дела; д) еквивалентни (комутативни) и алеаторни (на среќа) правни дела; ѓ) самостојни и несамостојни (акцесорни) правни дела; е) лични и нелични правни дела; ж) правни дела по повод смртта (mortis causa), прави дела за време на животот (inter vivos) и мешовити правни дела; и з) фидуцијарни правни дела.

Игњатович Марија**, Шутова Милица**, Видови елементи на правните дела, *Vizione,International magazine for social science,* 21/2014, Open Access, Journals, EBSCO Proquest & Cite Factor, ISSN:1409-8962 (printed form), ISSN 1857-9221-electrinic form.

Во трудот авторката го разгледува прашањето за видовите на елементи на правните дела. Во контекст на ова фокусот го става на нивната класификација и влијанието на правните дела. Притоа истакнува дека значењето на сите елементи не е идентично, одредени елементи имаат суштествено значење за настанокот на правното дело, односно нивното отсуство има влијание на полноважноста на правното дело.

Шутова М., Апсолутни и релативни причини за одбивање на пријавата на трговската марка, *Knowledge-Iternational Journal Scientific and Aplicative papers V10/1, 2015, ISSN 1857-92.*

Во трудот авторката го разгледува прашањето за апсолутните и релативните причини за одбивање на пријавата на трговската марка како дел од правото на интелектуалната сопственост. Притоа, одвоено ги разгледува апсолутните причини за одбивање на регистрација на трговската марка истакнувајќи дека апсолутните причини се во функција на заштита на јавниот интерес и се однесуваат на сите знаци, независно од тоа за каков вид на стоки или услуги станува збор. Потоа ги разгледува релативните причини и истакнува дека за разлика од апсолутните причини се во функција на заштита на приватните интереси. Дистинкцијата ја разгледува преку примери од практиката на Државниот завод за индустриска сопственост ставајќи го акцентот на функцијата на заштита.

Шутова Милица, The concept of previous questions in accordance with the Macedonian law and practice,*Vizione,International magazine for social scienceSkopje, 23/2015*, Open Access, Journals, EBSCO Proquest & Cite Factor.

Во трудот е направена анализа на „*претходното/прејудициелно прашање*", со фокус на судската перцепција *in concreto*. Кандидатката наведува дека целта на трудот е преку примена на интередисциплинарниот пристап на истражување, системски да му се пристапи на концептот на претходно прашање, доведувајќи го во врска со кривичната, граѓанската, деловната, управната материја и акцент на правните стандарди кои ги применуваат домашните судови при донесувањето одлука, односно заземањето став во поглед на „*претходното прашање*".

Шутова Милица, Правна заштита на правата од трговска марка, *Vizione*, *International magazine for social science,* Skopje бр.26/2016, Open Access, Journals, EBSCO Proquest & Cite Factor.

Во трудот авторката го разгледува прашањето за концептот на правната заштита која опфаќа три правни нормирани облици и тоа: управно-судска, граѓанско-правна и казнено-правна заштита. Авторката одделно го разгледува прашањето за секое од постапките. Притоа прави дистинкција помеѓу административна и управно-судска постапка при заштита на права од индустриска сопственост. Понатаму прави разграничување меѓу управно-судската и постапката пред граѓанските судови истакнувајќи дека во управно-судската постапка судот врши контрола на законитост по административна постапка, а повредата на загрозените и повредените права се бара во граѓанско-судска постапка. Авторката одделно го разгледува и прашањето за прекршочната и казнено-правната заштита на правата од индустриска сопственост и истакнува дека за разлика од управно-судската и постапката пред граѓанските судови овие постапки се поведуваат по службена должност ex officio.

Шутова Милица, Влијание на нелојалната конкуренција врз повреда на правата од индустриската сопственот во *Зборник на Правниот факултет при „Гоце Делчев" во Штип, 2016 година*.

Во трудот авторката го разгледува прашањето за нелојалната конкуренција и нејзиното влијание врз повреда на правата од трговска марка. Авторката прави детална анализа на поимното определување на овој институт и притоа укажува на врската меѓу заштитата на правата од интелектуалната сопственост и заштитата од нелојална конкуренција. Притоа одвоено ги разгледува прашањата околу поимот на „добри деловни обичаи", правичност и чесност, истакнувајќи дека законодавецот не е дециден при поимањето, прашање кое се јавува како суштествен елемент при спречување на дејствија спротивни на чесната практика.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

***Учество на проекти***

2010-2011 - Учесник во Проект за тутурство од страна на Фондација институција и отворено општество при USI.

2012-2014 - Невладин сектор Евро Македонија, Асоцијација за Македонско-италјанско пријателство „Џузепе Мацини".

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги има поднесено сите потребни документи во согласност со конкурсот и истите се правно валидни. Констатира дека кандидатката со своето образование на додипломски и постдипломски студии, како и докторатот во областа на граѓанското право има потполна компетенција да биде наставник во научната област граѓанско и наследно право. Исто така, констатира дека има континуитет во наставно-научната активност како асистент кој е биран во научната област граѓанско право. Комисијата заклучува дека кандидатката има богата наставно-образовна активност на двата циклуси на студии. Комисијата заклучува дека во нејзиниот досегашен академски ангажман има објавено околу 10 трудови. Исто така, има објавено научни трудови во зборници од конференции одржани во Македонија и во странство. Од нејзините научни активности се заклучува дека станува збор за трудови со научна вредност, современа методологија и важни за македонската и пошироката научна мисла. Исто така, како учесник на неколку научноистражувачки проекти ја збогатува истражувачката активност во државата во доменот на граѓанското право.

Исто така, кандидатката има богата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност што се констатира преку нејзината творечка активност во објавување на трудови и како учесник на научни конференции во земјава и во странство и учеството во проекти.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката има вкупно 90 бодови од наставно-образовна, научноистражувачка дејност и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Врз основа на ова бодување, како и врз основа на богатата научноистражувачка и наставно-образовна активност како асистент во областа на граѓанското право и значајна стручно-апликативна и организациско-развојна активност, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правен факултет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката кандидатката д-р Милица Шутова да ја избере **во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област граѓанско и наследно право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Игор Камбовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Војо Беловски, член, с.р.**
**Доц. д-р Марија Амповска, член, с.р**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Во земјава | | Во странство | | |
| | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **Избор во асистент** | 15 | | | | **15** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени во земјава | Поени во странство | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Монографија или научна книга | | | |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | | | |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | | | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 6/6/9/9/9/9 | | 48 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | 3 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | | | |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | | | |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | 8 | 8 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | 4 | 4 |
| 12 | Раководител на научен проект | | | |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2 | | 2 |
| 14 | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | |
| 16 | Уредник на зборник на трудови | | | |
| 17 | Уредник на зборник на трудови од научен собир | | | |
| 18 | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | | |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | | |
| 20 | Основач на научна лабораторија | | | |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | | | |
| 22 | Студиски престој во странство | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | | | |
| 24 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | | | |
| 25 | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | | | |
| 26 | Монументално ликовно дело | | | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| 1 | Книга | | | |
| 2 | Поглавје од книга | | | |
| 3 | Речник | | | |
| 4 | Стручна монографија | | | |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | | | |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | | |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | | | |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | | |
| 9 | Уредник на стручно списание | | | |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | |
| 11 | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | | | |
| 12 | Председател на организационен или програмски одбор на стручен собир | | | |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 5 | | 10 |
| 14 | Прифатени иновации, патент | | | |
| 15 | Техничко унапредување | | | |
| 16 | Изработен и рецензиран програмски пакет | | | |
| 17 | Елаборати и експертизи | | | |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи | | | |
| 19 | Стручни награди и признанија | | | |
| 20 | Ректор | | | |
| 21 | Проректор | | | |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела | | | |
| 23 | Декан | | | |
| 24 | Продекан | | | |
| 25 | Шеф на институт | | | |
| 26 | Раководител на завод | | | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | | | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | | | |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | | | |
| 30 | Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | **90** |